297.

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578

Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

**SLUŽBA DOKUMENTACIJE**
**CLIPPING SERVICE**

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје

22. X. 1965

# Сликата на цивилизираниот свет

## Изложба на Сара Шерман во Скопје



**Сара Шерман**

Благодарејќи на Музејот за современа уметност, во нашиот град е отворена изложбата на Сара Шерман од САД. Тоа е прва самостојна изложба на американски уметник во Скопје, но за модерното американско сликарство добивме соодветна претстава од изложбата, што беше отворена пред неколку години во Уметничкиот павиљон. Секавајќи се на онаа одлично аранжирана изложба, низ која се запознавме со делата на корифеите на американското сликарство, особено со неговата најпопуларна струја, со „сликарството на акцијата“, искрено речено, изложбата на Сара Шерман нé изненади: таа фрапантно се разликува од своите американски колеги, и во поглед на инспирацијата, и во процесот на ликовната изведба.

Додека славните сликари Полок, Тобеј, Ротко итн., сликарството го сведоа исклучиво на формалната структура, дотогаш, Сара Шерман својот стил го наоѓа во традиционалните фигуративни вредности, што се карактеристични за европскиот експресионизам. Можеби тоа е последица на нејзиниот подолг престој во Европа, а особено во Италија, чии што специфични социјални услови, (што ние ги познаваме од филмовите на Фелини, Антониони и др.), ја поттикнаа да создаде неколку платна со таква содржина. Меѓутоа и во нив е присутна извесна американска нота на чувствување, на прифаќање и интерпретирање на работите.

Со исклучок на неколку експонати што не се ниту во стилска, ниту во квалитативна согласност со повеќето други слики на изложбата, (како на пример „Неплодна земја“, каде се мешаат кубистички елементи, што нејзе ѝ се прилично туѓи, „Турнир“, „Специјална супертрговија“, се разбира и литографиите), Сара Шерман застапува едно сликарство, за кое може да се зборува, како за една заокружена субјективна преокупација. Таа го предава современиот човек, во оној миг на неговата егзистенција, кога е тој потполно изолиран, не само од општествената зависност и од нејзините норми, туку и од самиот себе.

И покрај тоа што таа се изразува со средствата на стандардниот експресионизам, нејзините фигури не се претставени во некоја акција. Тие или безпомошно лежат, или истоштено седат, или пак без надежно стојат. Но за нив не може да се каже дека мируваат. Низ задушливата атмосфера, низ онаа замаглена состојба во која се поставени, може да се наслути нивното неспокојство, нивната растревоженост, па дури и причините за степенот на нивната отуѓеност.

За да ја прикаже оваа внатрешна, психолошка слика на современиот човек, Шерман се служи со најбанални мотиви, но кои се мошне својствени за нашето време, особено во високо индустрилизираните западни земји: автостоп, кафеанска здодевност, возење со автомобил, или со антички мотиви, кои можат да се однесуваат и за некој современ настан.

Во овие слики каде што е таквата социјална содржина пренасилена, визијата се приближува до извесни плакатски претензии, што е во спротивност со нејзиниот темперамент.

Меѓутоа, постои во оваа изложба една композиција, во која Сара Шерман, без да го пренебрегне чистиот ликовен јазик, најпотполно ја изразува психата на морално и спиритуално неспособниот цивилизиран свет; тоа е композицијата „Пуста земја“. Веројатно инспирирана од истоимената поема на Томас Елиот, во неа, пропаѓањето на тој „пуст“ свет е прикажано со интересното компонирање на двете фигури (едната е сместена подолу од другата), над кои лебдее модерниот фантом: автомобилот. Од нивните лица исчезнува човечката карактеристика, нивните тела набабруваат и добиваат анимални пропорции. Студениот колорит, разлеаната форма, која е постигната со доброто користење на цртежот, широкиот пластицитет, и успешното компонирање на предметите, многу придонесуваат за интегралната визија на сликата.

**Паскал Гилевски**